**Извештај од консултација со јавноста за**
**нацрт Одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитен предел**

Текстот на нацрт Одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитен предел беше објавена на 01.07.2020 година на веб страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) и на www.ener.gov.mk.
Известувањето за објавата на нацрт Одлуката преку Канцеларијата за комуникација со јавноста беше електронски препратено до сите засегнати страни (медиуми за истата да ја објават, невладини организации кои работат на полето на заштита на животната средина и др.).

По објавата на нацрт одлуката беа одржани четири јавни расправи на подрачјето на општините на чија што територија се наоѓа заштитеното подрачје и тоа на следните локации:

1. Во Кочани, на 18.08.2020 година (белешка од јавните расправи е даден во Прилог 1 дел 1)
2. Во Крива Паланка, 26.08.2020 година. (белешка од јавните расправи е даден во Прилог 1 дел 2)
3. Во Македонска Каменица, 20.08.2020 година (белешка од јавните расправи е даден во Прилог 1 дел 3)
4. Во Пробиштип, 25.08.2020 година (белешка од јавните расправи е даден во Прилог 1 дел 4)

До МЖСПП беа доставени следните мислења, предлози и забелешки :

- Рудник за олово и цинк „САСА“
- Општина Крива Паланка
- Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта
- Славче Митевски

Доставените мислења и предлози, како и образложение за нивната прифатливост е дадена во табелата од Прилогот 2 на овој извештај.

Министерство за животна средина и просторно планирање

Прилог 1 - Дел 1

Белешка од

јавна расправа по однос Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел, Кочани - 18.08.2020

Во согласност со член 95 став (2) од Законот за заштита на природата ("Сл.весник на РМ" бр. 67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11 , 59/12, 13/13, 163/13 , 41/14, 146/15, 39/16 и 113/18 ) и Нацрт-Записникот од Четириесет и деветата седница на Владата на Република Северна Македонија (одржана на 05.05.2020 година), Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) на 18.08.2020 година во Кочани во Спомен домот на АСНОМ, одржа јавна расправа по однос Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категоријата V - Заштитен предел.

Согласно член 95 став (3) од Законот за заштита на природата јавната расправа се спроведува на подрачје на општина на чијашто територија се наоѓа заштитеното подрачје. Имајќи го предвид наведеното и фактот дека Општина Кочани ќе опфати поголем дел од идното заштитено подрачје, Заштитен предел-Осоговски Планини, се јави оправданоста за одржување на јавната расправа во Кочани.

Организатор на јавната расправа беше МЖСПП во соработка со Општина Кочани. На јавната расправа присуствуваа претставници од: МЖСПП, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), Општина Кочани, Јавно претпријатие (ЈП) Национални Шуми, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), Фармахем-Скопје, Македонско еколошко друштво-Скопје, концесионер на Мала хидроелектрана (МХЕЦ) Мала Река во Општина Кочани, невладини организации од Кочани и др.

Јавната расправа ја отвори и водеше независен модератор, кој го претстави дневниот ред на јавната расправа.

Потоа следуваше обраќање на Заменик министерот за животна средина и просторно планирање, кој ја истакна важноста за заштита на природата, особено потребата за воспоставување на заштитени подрачја и промовирање на екосистемските услуги, кои ќе озвозможат одржлив развој на регионот, притоа поврзувајќи ја оваа тема со актуелните меѓународни тековни иницијативи за заштита на природното наследство, како што е ЕУ Зелениот договор.

Градоначалникот на Општина Кочани го истакна значењето на идното заштитено подрачје Заштитен предел-Осоговски Планини за општината Кочани, локалното население и Осоговскиот регион и даде подршка на постапката на МЖСПП за прогласување на Осоговските Планини за заштитено подрачје.

Следеше обраќање на Помошник директор во ЈП Национални Шуми во улога на иден управувач со заштитеното подрачје, Заштитен предел-Осоговски Планини.

Од страна на претставник од Македонско еколошко друштво, изготвувач на Студија за валоризација за предлог-подрачјето за заштита Осоговски Планини во категоријата-Заштитен предел и Анексот на студијата беа презентирани природните вредности, предлог-категоријата на заштита, предлог-границите и предлог-зоните на Заштитен предел-Осоговски Планини. Согласно Законот за заштита на природата, најпрво претходно беа изготвени студијата и анексот на студијата во рамки на проектот: Програма за зачувување на природата на Северна Македонија, Фаза II, кој е финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), координиран од Фармахем во соработка со МЖСПП.

Претставникот од МЖСПП ја презентираше националната легислатива за заштита на природата; досегашните и следни активности на МЖСПП во постапката за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје; придобивките од прогласување на заштитеното подрачје за локалното население, регионот и државата, а беше преставена и содржината на Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категоријата V - Заштитен предел.

Во рамките на јавната расправа во делот предвиден за дискусија од страна на учесниците акцентот беше ставен на планираната изградба на мала хидроелектрана (МХЕЦ) Мала Река, Општина Кочани во границите на идното заштитено подрачје.

Во однос на прашањето за изградените мали хидроелектрани во заштитени подрачја од МЖСПП беше истакнато дека за нив е потребно да се спроведуваат мерките за заштита на природата/биодиверзитетот што се содржани во елаборатите за животна средина, а контрола на тоа дали се спроведуваат овие мерки согласно Законот за заштита на природа врши Државниот инспекторат за животна средина. Исто така беше истакнато дека во иднина планираните мали хидроелектрани не треба да се градат во заштитени подрачја. Зафатите на малите хидроелектрани се во повисоките зони на реките каде постои богата биолошка разновидност и со таквите активности/зафати, истата се загрозува, а живеалиштата и пределите се деградираат.

Претставникот на МЖСПП истакна дека заштитата на природата претставува дејност од јавен интерес и дека Осоговските Планини заради природните вредности се препознаени на национално и меѓународно ниво како жешка точка за биолошка разновидност. Осоговските Планини се вклучени во Националната Емералд мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување (ASCI) назначени со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта согласно Бернска Конвенција, која е ратификувана од нашата држава. Во тек се активности поврзани со хармонизација на националното законодавство за заштита на природа со релевантното ЕУ законодавство, односно директивите за живеалишта и птици. МЖСПП тековно спроведува активности за идентификација на Натура 2000 мрежата на национално ниво. Првичните истражувања укажуваат дека подрачјето на Осоговските Планини поседува живеалишта, видови и птици од ЕУ значење и е идентификувано како потенцијално подрачје за Натура 2000. Имајќи предвид дека Осоговските Планини претставуваат важно подрачје (core area) за голем број растенија, габи и животни исто така и од национално и ЕУ значење и воедно претставува важен коридор на миграторни диви животни, обврска на државата е да обезбеди поволна состојба на зачуваност на живелиштата и видовите на овој простор и истиот да го вклучи во идната Натура 2000 мрежа.

Модераторот извести дека дневниот ред е исцрпен и ја оцени за успешна оваа јавна расправа во Кочани. Тој потенцираше дека подетални одговори на прашањата од јавната расправа ќе бидат дадени во постапката за изработка на Планот за управување со Заштитен предел-Осоговски Планини, за кој исто така ќе се организираат јавни расправи.

Постапката за донесување на Планот за управување следува откако Владата ќе ја усвои Одлуката за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категоријата V- Заштитен предел, со која ќе се определи ЈП Национални Шуми за субјект за управување со заштитеното подрачје.

19.08.2020 год.

Белешка

од јавна расправа по однос Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје  во категорија V - Заштитен предел, Крива Паланка 26.08.2020

Во согласност со член 95 став (2) од Законот за заштита на природата ("Сл.весник на РМ" бр. 67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11 , 59/12, 13/13, 163/13 , 41/14, 146/15, 39/16 и 113/18 ) и Нацрт-Записникот од Четириесет и деветата седница на Владата на Република Северна Македонија (одржана на 05.05.2020 година) Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) на 26.08.2020 година во Крива Паланка, во Зелениот  парк на СОУ “ Ѓорче Петров” одржа јавна расправа по однос Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категоријата V -  Заштитен предел.

Согласно член 95 став (3) од Законот за заштита на природата јавната расправа се спроведува на подрачје на општина на чијашто територија се наоѓа заштитеното подрачје. Имајќи го во предвид наведеното и фактот дека Општина Крива Паланка  ќе опфати дел од идното заштитено подрачје, Заштитен предел-Осоговски Планини, оттука и оправданоста за одржување на јавната расправа во Крива Паланка .

Организатор на јавната расправа беше МЖСПП во соработка со Општина Крива Паланка . На јавната расправа присуствуваа претставници од: МЖСПП, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), Општина Крива Паланка,  Јавно претпријатие (ЈП) Национални Шуми, Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC), Фармахем-Скопје, Македонско еколошко друштво-Скопје, Ловечка федерација на Македонија, Извиднички одред “Наум Наумовски Борче”од Крива Паланка,  ЕЛС, МЗ “Варовиште “ и др.

Јавната расправа ја отвори и водеше независен модератор, кој го претстави дневниот ред  на јавната расправа. Потоа пред присутните се обрати Градоначалник на општина Крива  Паланка  и  осврна на улогата на општините во Источниот плански регион (ИПР) во реализирање на проектите и процесот за прогласување на дел од Осоговските планини за ново заштитено подрачје-Заштитен предел. Следеше обраќање на  Помошник директор во ЈП Национални Шуми во улога на иден управувач со заштитеното подрачје, Заштитен предел-Осоговски Планини.

Од страна на претставник од Македонско еколошко друштво, изготвувач на Студија за валоризација за предлог-подрачјето за заштита Осоговски Планини во категоријата-Заштитен предел и Анексот на студијата беа презентирани природните вредности, предлог-категоријата на заштита, предлог-границите и предлог-зоните на Заштитен предел-Осоговски Планини. Согласно Законот за заштита на природата, најпрво претходно беа изготвени студијата и анексот на студијата во рамки на проектот: Програма за зачувување на природата на Северна Македонија, Фаза II, кој е финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), координиран од Фармахем во соработка со МЖСПП.

Претставникот од МЖСПП ја презентираше националната легислатива за заштита на природата; досегашните и следни активности на МЖСПП од постапката за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје; придобивките од прогласување на

заштитеното подрачје за локалното население, регионот и државата, а беше преставена и содржината на Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категоријата V - Заштитен предел.

Во рамките на јавната расправа во делот предвиден за дискусија од страна на учесниците акцентот беше ставен на активностите во Зоната за строга заштита.

Од претставник на Извиднички одред "Наум Наумовски Борче" од Крива Паланка е поставено прашање за режим на движење во зона за строга заштита.
Од претставник на МЖСПП беше кажано дека согласно Законот за заштита на природата зоната за строга заштита претставува дел од заштитеното подрачје со највисок интерес за заштитата. Во зоната за строга заштита се дозволени само научно-истражувачки активности, а субјектот кој управува со заштитеното подрачје е должен да обезбеди постојан мониторинг.
Од претставник на Ловечка федерација на Македонија, беа поставени прашања за досегашните /претходно потпишани договори за концесија согласно Закон за ловство во зона за строга заштита, како и за тоа каква е сопственоста на земјиштето во зона за строга заштита.
Претставничката на МЗШВ истакна дека договорите од претходно остануваат да важат. На што се надоврза и Помошник директор во ЈП Национални Шуми и потврди дека сите договори од претходно се важечки но и дека во постапката за изработка на Планот за управување на Заштитен предел-Осоговски Планини подетално ке биде разгледано и дискутирано ова прашање.
Од страна на претставник од Македонско еколошко друштво, беше одговорено на прашањето на сопственоста на земјиштето во зоната за строга заштита, се истакна дека се работи пред се за државно земјиште, и дека се опфатени и пасишта.
Претставник на МЖСПП потенцира дека во зона за строга заштита не е дозволено спроведување на активности со кои се загрозува природата.

Модераторот извести дека дневниот ред е исцрпен и ја оцени за успешна оваа јавна расправа во Крива Паланка. Тој потенцираше дека подетални одговори на прашањата од јавната расправа ќе бидат дадени во постапката за изработка на Планот за управување на Заштитен предел-Осоговски Планини, за кој исто така ќе се организираат јавни расправи.

Постапката за донесување на Планот за управување следува откако Владата ќе ја усвои Одлуката за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категоријата V- Заштитен предел, со која ќе се определи ЈП Национални Шуми за субјект за управување со заштитеното подрачје.

27.08.2020

Белешка
од јавна расправа по однос Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел, Македонска Каменица 20.08.2020 год.

Во согласност со член 95 став (2) од Законот за заштита на природата ("Сл.весник на РМ" бр. 67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11 , 59/12, 13/13, 163/13 , 41/14, 146/15, 39/16 и 113/18 ) и Нацрт-Записникот од Четириесет и деветата седница на Владата на Република Северна Македонија (одржана на 05.05.2020 година) Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) на 20.08.2020 година во Македонска Каменица, во паркот пред Домот на Културата одржа јавна расправа по однос Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категоријата V - Заштитен предел.

Согласно член 95 став (3) од Законот за заштита на природата јавната расправа се спроведува на подрачје на општина на чијашто територија се наоѓа заштитеното подрачје. Имајќи го во предвид наведеното и фактот дека Општина Македонска Каменица ќе опфати дел од идното заштитено подрачје, Заштитен предел-Осоговски Планини, оттука и оправданоста за одржување на јавната расправа во Македонска Каменица.

Организатор на јавната расправа беше МЖСПП во соработка со Општина Македонска Каменица. На јавната расправа присуствуваа претставници од: МЖСПП, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), Општина Македонска Каменица, Јавно претпријатие (ЈП) Национални Шуми, Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC), Фармахем-Скопје, Македонско еколошко друштво-Скопје, Рудник Саса, невладини организации од Македонска Каменица, ловно друштво од Македонска Каменица и др.

Јавната расправа ја отвори и водеше независен модератор, кој го претстави дневниот ред на јавната расправа. Потоа пред присутните се обрати Градоначалничката на Општина Македонска Каменица, истакнувајќи го значењето на рударството за општина Македонска Каменица, но и потребата за заштита на животната средина и природата, а во таа насока и за потребата од прогласување на Осоговските Планини за заштитено подрачје. Следеше обраќање на Помшник директор во ЈП Национални Шуми во улога на иден управувач со заштитеното подрачје, Заштитен предел-Осоговски Планини.

Од страна на претставник од Македонско еколошко друштво, изготвувач на Студија за валоризација за предлог-подрачјето за заштита Осоговски Планини во категоријата-Заштитен предел и Анексот на студијата беа презентирани природните вредности, предлог-категоријата на заштита, предлог-границите и предлог-зоните на Заштитен предел-Осоговски Планини. Согласно Законот за заштита на природата, најпрво претходно беа изготвени студијата и анексот на студијата во рамки на проектот: Програма за зачувување на природата на Северна Македонија, Фаза II, кој е финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), координиран од Фармахем во соработка со МЖСПП.

Претставникот од МЖСПП ја презентираше националната легислатива за заштита на природата; досегашните и следни активности на МЖСПП од постапката за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје; придобивките од прогласување на заштитеното подрачје за локалното население, регионот и државата, а беше преставена и содржината на Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категоријата V - Заштитен предел.

Во рамките на јавната расправа во делот предвиден за дискусија од страна на учесниците акцентот беше ставен на две тематски области рударство и ловство.

Од претставникот на рудникот Саса беше поздравена иницијативата за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје и поставено прашањето дали прогласувањето ќе предизвика промени во однос на работата и функционирањето на рудникот Саса. Од претставник на експертскиот тим беше наведено дека рудникот Саса со моменталните активности е надвор од идното заштитено подрачје. Тој истакна дека досега имаат одлична соработка со рудник Саса и го препознаваат значењето на рудникот за целиот регион и ќе се најде решение за идните планови, во однос на заштитеното подрачје и на рудникот.

Исто така од претставник од рудник Саса беше наведено дека дел од предложените зони за заштита на идното заштитено подрачје навлегуваат во просторот за развоен интерес на рудникот Саса и поставено прашањето дали има можност да се одговори на потребите на рудникот да работи непречено во овој простор. Од МЖСПП беше истакнато дека ова прашање ќе биде разгледано во соработка со експертскиот тим, кој ја изготвил Студија за валоризација за предлог-подрачјето за заштита Осоговски Планини во категоријата-Заштитен предел и Анексот на студијата и за тоа соодветно ќе се одговори.

Од претставник на рудник Саса е поставено прашање дали може да се вршат површински геолошки истражувања во зона за строга заштита на Царев Врв и зона за активно управување. Претставникот на МЖСПП истакна дека согласно Законот за заштита на природата се донесува Одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во катеторија V - Заштитен предел со утврдени граници и зони. Согласно Законот за заштита на природата зоната за строга заштита претставува дел од заштитеното подрачје со највисок интерес за заштитата. Во зоната за строга заштита се дозволени само научно-истражувачки активности, а субјектот кој управува со заштитеното подрачје е должен да обезбеди постојан мониторинг. Зоната за строга заштита и зоната за активно управување ја претставуваат core зоната на заштитеното подрачје, кои заедно зафаќаат околу 9% од заштитеното подрачје. Тоа се највредните делови од природното наслество на заштитеното подрачје и се приоритетни за заштита. Тие ќе бидат и дел од Европската еколошка мрежа Натура 2000 и треба да се обезбеди нивна заштита, заради обезбедување на поволна состојба на зачуваност на живеалишата и видовите од национално значење, кои воедно се од интерес за заштита и на ЕУ во рамки на мрежата Натура 2000.

Претседателот на ловно друштво од Македонска Каменица постави прашање како ќе се одвива ловот во заштитеното подрачје, особено во зоната за строга заштита и во зоната за активно управување. Претставникот од МЗШВ истакна дека зоната за строга заштита и зоната

за активно управување на заштитеното подрачје зафаќаат околу 9% од заштитеното подрачје и ќе бидат изземени од ловишта, односно прогласени како неловни површини.

Второто прашање се однесуваше за просториte од идното заштитеното подрачје каде веќе одредени субјекти имаат добиено концесија на дивечот, како што е примерот во делови од општина Крива Паланка. Претставникот од МЗШВ потенцираше дека се работи за релативно мали површини, кои се дел зоната за строга заштита и зоната за активно управување и за истите ќе се изготват измени и дополнувања на посебните ловостопанските основи и ќе бидат изземени како ловишта.

Модераторот извести дека дневниот ред е исцрпен и ја оцени за успешна оваа јавна расправа во Македонска Каменица. Тој потенцираше дека подетални одговори на прашањата од јавната расправа ќе бидат дадени во постапката за изработка на Планот за управување на Заштитен предел-Осоговски Планини, за кој исто така ќе се организираат јавни расправи.

Постапката за донесување на Планот за управување следува откако Владата ќе ја усвои Одлуката за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категоријата V- Заштитен предел, со која ќе се определи ЈП Национални Шуми за субјект за управување со заштитеното подрачје.

21.08.2020 год.

Прилог 1 - Дел 4

Белешка
од јавна расправа по однос Нацрт-Одлука за прогласување на дел од
Осоговски Планини за заштитено подрачје во
категорија V - Заштитен предел
Пробиштип - 25.08.2020 год.

Во согласност со член 95 став (2) од Законот за заштита на природата ("Сл.весник на РМ" бр. 67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11 , 59/12, 13/13, 163/13 , 41/14, 146/15, 39/16 и 113/18 ) и Нацрт-Записникот од Четириесет и деветата седница на Владата на Република Северна Македонија (одржана на 05.05.2020 година) Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) на 25.08.2020 година во Пробиштип во Дом на културата, Сала на Совет на општина Пробиштип, одржа јавна расправа по однос Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категоријата V - Заштитен предел.

Согласно член 95 став (3) од Законот за заштита на природата јавната расправа се спроведува на подрачје на општина на чијашто територија се наоѓа заштитеното подрачје. Имајќи го во предвид наведеното и фактот дека Општина Пробиштип ќе опфати дел од идното заштитено подрачје, Заштитен предел-Осоговски Планини, оттука и оправданоста за одржување на јавната расправа во Пробиштип.

Организатор на јавната расправа беше МЖСПП во соработка со Општина Пробиштип. На јавната расправа присуствуваа претставници од: МЖСПП, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), претставници од општина Пробиштип, Јавно претпријатие (ЈП) Национални Шуми, Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC), Фармахем-Скопје, Македонско еколошко друштво-Скопје и др.

Јавната расправа ја отвори и водеше независен модератор, кој го претстави дневниот ред на јавната расправа и начинот на нејзиното водење.

Прв се обрати Градоначалникот на општина Пробиштип, посакувајќи им добредојде на учесниците и притоа се осврна на улогата на општините во Источниот плански регион (ИПР) во реализирање на проектите и процесот за прогласување на дел од Осоговските планини за ново заштитено подрачје - Заштитен предел.

Потоа се обратија Државниот секретар во МЖСПП и Помошник Директор во ЈП Национални Шуми кои ја истакнаа важноста за заштита на природата и потребата за воспоставување на заштитени подрачја.

Претставникот од Македонско еколошко друштво (МЕД), изготвувач на Студија за валоризација за предлог-подрачјето за заштита Осоговски Планини во категоријата-Заштитен предел и Анексот на студијата ги презентираше природните вредности, предлог-категоријата на заштита, предлог-границите и предлог-зоните на Заштитен предел-Осоговски Планини

Претставникот од МЖСПП ја презентираше правната рамка, хронологијата за водење на процесот, досегашните и следни активности на МЖСПП во постапката за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје; придобивките од прогласување на заштитеното подрачје за локалното население, регионот и државата и Нацрт-Одлуката за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категоријата V - Заштитен предел.

Во делот од јавната расправа предвиден за дискусија беа поставени неколку прашања и беа коментирани одредбите од Предлог-одлуката за прогласување на подрачјето за Заштите предел - Осоговски Планини.

Најпрво се обрати претставник од Одделението за инспекциски работи во општина Пробиштип при што побара да се исклучат од заштита површините кои што се под концесија на рудниците Злетово и да се обрне поголемо внимание на заштитните зони на хидросистемот Злетовица. По долината на Злетовска река се предвидени 8 мали хидроелектрани (МХЕ) од кои 3 се веќе изградени. Во изградбата и експлоатацијата на МХЕ има голем број негативни ефекти: големи штети при правење на пристапен пат, минирање на карпести терени, водата што излегува од машинската зграда има покачена температура и не се обезбедува биолошкиот минимум, од пукнатини на цевководите се појавуваат поплави на патиштата. Побара повеќе да не се градат МХЕ во Општина Пробиштип и ги поддржува сите напори за прогласување на заштитените подрачја и даде целосна поддршка на процесот.
Државен Секретар во МЖСПП истакна дека заштитата на Осоговските Планини треба да продолжи. Исти проблеми со МХЕ се јавуваат и во други подрачја (Маврово и Шар Планина).
Претставникот од МЕД даде објаснување за местоположбата на локалитетот Арамиска чешма, кој се наоѓа во зона за одржливо користење (ЗОК) каде што такви активности можат непречено да се реализираат, но треба да се внимава да не се наруши речниот тек на Стара река кога ќе се превземаат зафати на реката.
Од страна на жител на с. Шталковица до МЖСПП беше упатено прашањето кој ќе ги држи јавните рсправи во селата, дали општината или некој друг и каде ќе биде седиштето на управување на заштитеното подрачје.
Претставникот од МЖСПП појасни дека согласно националното законодавство обврска на МЖСПП е да организира најмалку една јавна расправа во соработка со општините во регионот. Заедно со општините МЖСПП одлучи да се организираат 4 јавни расправи во градовите: Кочани, Македонска Каменица, Пробиштип и Крива Паланка. Значи во селата нема да се организираат други јавни расправи по предлогот, но ќе се продолжи со активности од комуникацискиот план од страна на МЕД во соработка со МЖСПП и општините. Забелешките можат да се доставаат во рок од 10 дена по јавната расправа преку локалната самоуправа, невладиниот сектор или како граѓани или може директно да се контактира МЖСПП.
Државниот секретар во МЖСПП даде појасно образложение која е намерата и зошто се одржуваат јавните расправи во согласност со Законот за заштита на природата..
Претставникот од Фармахем, Скопје наведе информации од кога е започната иницијативата за прогласување и кои страни се вклучени во прогласувањето на заштитеното подрачје.
Од страна на жител на с. Шталковица беше поставено прашањето што ќе се прави ако има рекации од локалното население по однос на идното заштитено подрачје.
Градоначалникот на Општина Пробиштип ја истакна заложбата и поддршката за прогласување на Осоговските Планини за заштитено подрачје.
Помошник Директор од ЈП Национални шуми објасни дека нема да бидат ускратени правата на локалното население, особено на оние кои што имаат свој имот и приватни поседи.
Директорот на Хидро-систем Злетовица упати прашање дали престанува да важи планот на хидро-системот Злетовица од причина што има преклопување со планот за заштита на Осоговските Планини.

Претставникот од МЕД  истакна дека Хидро системот Злетовица ќе продолжи да функционира според прописите на Законот за води, а подеталите активности во идното заштитено подрачје ќе бидат утврдени во планот за управување, кој треба да биде изготвен од управувачот на заштитеното подрачје, односно ЈП Национани шуми.
Помошник  Директор  од ЈП Национални шуми истакна  дека  е потребно со сите засегнати страни да се комуницира со цел да се овозможи фунционирање на идното заштитено подрачје.
Државниот Секретар во МЖСПП од име на организаторот-МЖСПП се заблагодари на учесниците во дискусијата и ги упати сите учесници и други заинтересирани институции, организации и граѓани да доставуваат прашања и коментари до МЖСПП.

Модераторот извести дека дневниот ред е исцрпен и ја оцени за успешна оваа јавна расправа во Пробиштип. Тој потенцираше дека подеталнi одговори на прашањата од јавната расправа ќе бидат дадени во постапката за изработка на Планот за управување на Заштитен предел-Осоговски Планини, за кој исто така ќе се организираат јавни расправи.

Постапката за донесување на Планот за управување следува откако Владата ќе ја усвои Одлуката за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитено подрачје во категоријата V- Заштитен предел, со која ќе се определи ЈП Национални Шуми за субјект за управување со заштитеното подрачје.

26.08.2020 год.

**Прилог 2**

**Листа на доставени забелешки и мислења од јавноста**

| Бр. | **Лица од кои се доставени предлози, коментари и забелешки** | **Забелешка/Предлог** | **Прифатливост на предлогот** |
|---|---|---|---|
| 1. | Рудник за олово и цинк „САСА“ (архивски број 03-786/1 од 21.07.2020) | **Предлог:**<br>Доставен нов Предлог за усогласување на зоните за заштита во насока да не спречи понатамошниот развој на рудникот.<br><br>**Образложение:**<br>Поради економското значење на рудникот за областа и државата, запирањето на неговиот развој ќе доведе до негативни економски и социјални последици врз развојот на државата. | **Предлогот е прифатен.**<br>Врз основа на стручното мислење (содржано во Студијата за валоризација за предлог-подрачјето за заштита “Осоговски Планини” во категоријата Заштитен предел со Прилог II од 2020) доставено до МЖСПП од страна на експертскиот тим, кој ја изготвил студијата се утврди дека се работи за подрачје со слични карактеристики и вредности. Замената на овие простори нема да доведе до нарушување на природните вредности на подрачјето кое се прогласува за заштитен предел.<br>Во Прилогот во Одлуката е направена соодветна корекција. |
| 2. | Општина Крива Паланка (архивски број 11-2757/2 од 04.08.2020) | **Предлог:**<br>1. Да се обезбеди растојанието/бафер од 100 метри за ски центарот Калин камен. | **Забелешката е веќе вградена во нацрт предлогот.**<br>**Образложение:**<br>Во согласност со прилог/анекс II од Студијата за валоризација за предлог-подрачјето за заштита “Осоговски Планини” во категоријата “Заштитен предел од 2020 и стручното мислење (кое е составен дел на прилог II) на експертскиот тим, доставено до МЖСПП се утврди дека:<br>1. Во постојниот предлог помеѓу зоните за строга заштита Царев Врв - Извори на Врањска Река и Царев Врв-Алтан Чешма и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | зоната за одржливо користење е воспоставен заштитен појас од 100 метри |
| | | 2. Кај локалитетот „Езерце“ кај ски центарот Калин камен не е постапено да се намали зоната за одржливо користење и да се одземе делот каде што се наоѓа чуварската куќа на ЈП Комуналец за постојниот водовод. | **Забелешката е веќе вградена во нацрт предлогот.**<br>2. Чуварската куќа на ЈП „Комуналец“ за постојниот водовод се наоѓа надвор од предлог заштитеното подрачје Осоговски планини (видливо во карта 2 од Предлог Одлуката). |
| 3. | Славче Митевски | **Предлог:**<br>При идното управување со заштитен предел Осогово да се постигне синергија и координација помеѓу засегнатите страни како и предлози за уредување на просторот и развој на заштитеното подрачје. | **Образложение:**<br>Забелешките се однесуваат на идниот процес на изработка на Планот за управување со заштитеното подрачје од страна на идниот управувач ЈП Национални шуми. |
| 4.. | ЈП за стопанисување со пасишта | **Предлог:**<br>Во делот на површините кои влегуваат во делот на управувањето со Осоговските планини како заштитено подрачје, а се водат како земјоделско земјиште – култура пасиште истите да ги управува ЈП за стопанисување со пасишта. | **Не се прифаќа**<br>**Образложение:**<br>Согласно член 135 – а став (3) од Законот за заштита на природата, субјектите кои управуваат со заштитеното подрачје управуваат интегрално со целата територија на заштитеното подрачје. Заради остварување на интегрално управување со заштитеното подрачје, субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје во конкретниот случај ЈП Национални шуми може да склучи спогодби за регулирање на меѓусебни права и обврски со субјектите кои вршат дејност или активност во заштитено подрачје, за кои согласност дава Владата на РСМ. ЈП за стопанисување со пасишта како засегната |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | страна ќе биде вклучена во сите тела и активности на територијата на заштитениот предел, со што ќе се овозможи соодветно да даде мислење и предлози во подготовка на планските документи за управување со заштитеното подрачје. |